# Спречен канал на илегално внесување на ловечка муниција на Граничен премин Стар Дојран, лишени од слобода три лица

29/11/2025



На 28.11.2025 година на Граничен премин Стар Дојран лишени од слобода се три лица поради основано сомнение за сторено кривично дело по член 396 од Кривичниот законик - „недозволено изработување, држење и тргување со оружје и експлозивни материи". Од страна на полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Југ, Граничен премин Стар Дојран во координација со царински службеници и полициски службеници од Фронтекс, во три одделни случаи при извршена гранична контрола за влез во РСМ, кај три лица грчки државјани пронајдени и одземени се околу 200 патрони непријавена ловна муниција.

Во првиот случај околу 10:20 часот, при контрола во патничко моторно возило „дајхатсу териос" со грчки национални ознаки управувано од Х.С.(38), пронајдени се над 130 патрони (ловечка муниција) кои биле сокриени на повеќе места во возилото. Исто така, околу 11:20 часот во патничко моторно возило "хонда" со грчки национални ознаки управувано од К.К.(76) пронајдени се 24 патрони (ловечка муниција). Во последниот случај околу 16:30 часот во патничко моторно возило "сузуки витара" управувано од Т.Р(62), пронајдени се над 40 патрони (ловечка муниција).













← Претходно



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2025 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.